**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**СКОПЈЕ**

## ПОКАНА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПОНУДА

Почитувани,

Министерството за финансии на Република Македонија, со седиште на ул: "Даме Груев", бр. 14 - Скопје, интернет адреса: www.finance.gov.mk, има потреба од набавка на услуга - одржување и поправка на службените возила на Министерството за финансии од марката **"фиат"** за период од 1 (една) година.

За таа цел, договорниот орган спроведува постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас согласно со член 100 став 1 алинеја 2 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија", бр. 136/07, 130/08 и 97/2010), за што објави оглас број 07-1/2010.

Ги покануваме сите заинтересирани економски оператори да достават понуда за горенаведениот предмет на договорот за јавна набавка најдоцна до **29.12.2010 година**, до **12,00 часот,** по пошта или лично со поднесување во писарницата на Министерството за финансии.

Во прилог на оваа покана е тендерската документација која ги содржи сите информации кои ќе помогнат за изработка на понудата. Тендерската документација се состои од следниве делови: инструкции за економските оператори, технички спецификации, Листа на услуги за возилата, модел на договор и образец на понуда.

Тендерската документација може да се добие со праќање на барање на е-пошта:pance.conevski@finance.gov.mk Панче Чоневски или bilent.mustafoski@finance.gov.mk Билент Мустафоски. По добивањето на тендерската документација економските оператори треба да го потврдат приемот на тендерската документација на наведената електронска адреса.

Тендерските документи се достапни на македонски јазик.

Евентуални прашања или барања на појаснувања во врска со тендерската документација можат да се доставуваат на погоренаведените електронски адреси. Сите одговори на поставените прашања или дадените појаснувања, без да се идентификува економскиот оператор што поставил прашање или побарал појаснување, ќе бидат доставени на сите економски оператори што подигнале тендерска документација.

За евентуалните измени на тендерската документација ќе бидат известени сите економски оператори кои подигнале тендерска документација.

Отворањето на понудите ќе биде јавно и ќе се изврши на **29.12.2010 година**, во **12,00 часот**, во просториите на Министерството за финансии на ул. „Мито Хаџивасилев Јасмин", бб (поранешна НИП "Нова Македонија"), кат 1, сала за состаноци.

Однапред благодариме на соработката.

Во Скопје, 14.12.2010 година

**Комисија за јавни набавки**
**Претседател,**
**Игор Димитров**